UNIVERSITETI I EVROPËS JUGLINDORE
УНИВЕРЗИТЕТ НА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА
SOUTH EAST EUROPEAN UNIVERSITY

| | |
|---|---|
| **Study program** | **Правни студии - Правна информатика (2024/2025)** |
| Факултет | Правен |
| Циклус на студии | Прв циклус (Додипломски) |
| ЕКТС | 240 |
| Код | N-LI-240 |
| Титула | Дипломиран правник - Правна информатика |
| Архивски број на акредитација [240] | 03-423/1 |
| Архивски број на акредитација [] | |
| Решение за почеток со работа | |
| Датум на акредитација | 08.02.2024 |

## Опис на програмата

Студиската програма по Правна информатика има за цел:

- Да ги оствари потребите на сите оние кои мислат да ја продолжат својата кариера во полето на правните науки преку примена на информациските технологии.
- Да понуди низа предметни програми кои ќе ја опфаќаат основата на правните сознанија за приближување кон професиите кои се поврзани со сферата на правото од областа на информациските технологии.
- Да обезбеди цврсти сознанија и систематски знаења за електронските услуги и дигитализацијата во областа на банкарското право, трговското право, договорното право, осигурителното право, катастарското право и административното право.
- Да обезбеди основни сознанија за концепциите и основните принципи на позитивното право на Република Северна Македонија и за начинот на неговото функционирање во европски и во меѓународен контекст.
- Да понуди можност за предавања од меѓународниот академски визитинг-кадар.
- Студентите да бидат во можност да развијат свесна критика на правото во споредбен, историски, општествено-економски и политички контекст и да осознаат редица различни теоретски и практични концепти поврзани со правните студии од областа на информациските технологии.
- Да им овозможи на студентите да престојуваат и да студираат надвор од земјава во рамките на програмите за размена на студенти.
- Да им понуди низа опции кои ќе им овозможат на студентите да проучуваат специфични области на Правото на ИТ.
- Да им овозможи на студентите да бидат дел од истражувачка дејност во рамките на нивните студии.
- Да понуди можност за развој на лични способности, комуникација, истражувања и други значајни способности потребни за вработување на дипломирани правници во институциите со кои веќе претходно имаат воспоставено контакти преку Центарот за кариера при УЈИЕ.
- Да се потенцира повеќејазичната настава и да се промовира меѓуетничкиот и меѓукултурниот дијалог и меѓусебната соработка.

- Според стекнатите знаења и вештини од оваа додипломска програма на Правниот факултет, дипломираните студенти ќе бидат во можност да ги идентификуваат правните прашања и процеси во областа на информациските технологии кои треба да се истражуваат, како и да ги употребуваат на ефикасен начин примарните и секундарните извори на правото, да ја истражуваат правната наука и практика во врска со заштитата на личните податоци во домашен и европски контекст, да ги вреднуваат на критички начин правните прашања и процеси.

## Кариера

Студентите кои ќе дипломираат на оваа студиска програма се очекува да имаат релативно брза можност за вработување не само на домашно туку и на европско и на меѓународно ниво, поради компетенциите што ги добиваат преку оваа студиска програма. Позавршувањето на студиите студентите ќе бидат обучени за вработување во институции и организации за вршење високо специјализирани работи во правната професија во приватниот ивојавниот сектор, како:

- Меѓународни и европски организациии институции;

- Судови;

- Јавни обвинителства;

- Нотаријат;

- Извршители;

- Адвокатски канцеларии;

- Банки;

- Осигурителни компании;

- Трговски друштва;

- Катастар;

- Државна и јавна администрација;

- Министерства, дирекции, институтии агенции;

- Медиуми;

- Невладини организации;

- Научно-истражувачки, образовни и професионални институции.

## Резултати од учењето

### Знаење и разбирање

Студентите ќе ги продлабочат знаењата од областа на информациските технологии и нивната примена во правото, преку унапредување на знаењата за напредните концепти по правната информатика.

Студентите ќе бидат во можност и да стекнат споредбени знаења за информациските технологии на земјите во регионов како и во Европската унија и за практиката на Европскиот суд за човекови права во врска со заштитата на личните податоци во областа на интернетот.

Студентите ќе можат да поврзуваат, пренесуваат и да развиваат знаења од областа на информатичката технологија, администрацијата, правото и информатиката.

**Примена на знаењето и разбирањето**

Студентите ќе имаат можност да развиваат информациски системи и софтвери во областа на правото како и да ги применат стекнатите знаења во рамките на разните правни анализи на информациските технологии како и солидна основа за споредување на правната регулатива од домашното, европското и од меѓународното право од областа на информациските технологии, во насока на подобрување и приближување на домашното законодавство кон европското законодавство.

**Способност за проценка**

Студентите ќе ги идентификуваат, толкуваат, анализираат и ќе ги решаваат правните проблеми од областа на информациските технологии.

Студентите ќе го толкуваат и ќе го синтетизираат значењето на правните норми како дел од правниот систем и ќе го применуваат во бројни ситуации кои може да се појавуваат во информациските технологии.

Студентите критички ќе ги анализираат и ќе ги толкуваат пресудите на Европскиот суд за човекови права во областа на информациската технологија и заштитата на личните податоци.

Студентите ќе ги анализираат, планираат, развиваат и ќе ги ажурираат информатичките системи како и компјутеризацијата на разните правни, трговски, банкарски и деловни процеси.

**Комуникациски вештини**

Студентите ќе комуницираат ефективно, усно и писмено со јавни и приватни субјекти.

Студентите ќе пишуваат и ќе редактираат на основно ниво документи со правен и електронски карактер.

Студентите ќе ја распознаваат специфичната правна терминологија за оваа предметна област за опишување и објаснување на поимите и институтите на оваа студиска програма.

Студентите ќе преземат иницијатива и одговорност за индивидуални и групни активности преку кои се спроведува ефективно учество во правничката професија.

**Вештини на учење**

Студентите ќе преземаат иницијатива и одговорност за да ги идентификуваат и спроведуваат потребите на учење во најважните гранки на правото поврзани со информациската технологија;

Студентите ќе развиваат систем на учење кој вклучува идентификување, класифицирање, синтетизирање и користење различни професионални извори.

Студентите ќе стекнат вештини за користење на библиотеката за продлабочување на  правните знаења.

Студентите ќе ги користат и напредните компјутерските вештини за да стекнат правни знаења.

## Листа на предмети

### Семестар 1

- [CLE-101] [6.0 ЕКТС] **Вовед во правото**
- [C2528] [6.0 ЕКТС] **Вовед во економија**
- [CLE-104] [6.0 ЕКТС] **Историја на правото**
- [3.0 ЕКТС] **Албански/Македонски јазик**
- [3.0 ЕКТС] **Англиски јазик**
- [6.0 ЕКТС] **Изборен предмет од дигитални компетенции**

### Семестар 2

- [CLE-201] [6.0 ЕКТС] **Уставно право**
- [CLE-204] [6.0 ЕКТС] **Граѓанско право – општ дел**
- [CLE1020] [6.0 ЕКТС] **Римско право**
- [3.0 ЕКТС] **Англиски јазик**
- [6.0 ЕКТС] **Изборен предмет од дигитални компетенции**
- [3.0 ЕКТС] **Албански/Македонски јазик**

## Семестар 3

- [CLE2030] [6.0 ЕКТС] **Управно право**
- [CLE025] [6.0 ЕКТС] **Стварно право**
- [CLE-404] [6.0 ЕКТС] **Меѓународно јавно право**
- [CLE024] [6.0 ЕКТС] **Семејно право**
- [C2069] [3.0 ЕКТС] **Усна комуникација**
- [3.0 ЕКТС] **Англиски јазик**

## Семестар 4

- [C2070] [3.0 ЕКТС] **Писмена комуникација**
- [CLE5010] [6.0 ЕКТС] **Наследно право**
- [CLE-403] [6.0 ЕКТС] **Право на ЕУ**
- [CLE-405] [6.0 ЕКТС] **Кривично право - општ дел**
- [CLE-402] [6.0 ЕКТС] **Облигационо право**
- [3.0 ЕКТС] **Англиски јазик**

## Семестар 5

- [CLE-302] [6.0 ЕКТС] **Трговско право**
- [C2458] [6.0 ЕКТС] **Кривично право - посебен дел**
- [CLE4030] [6.0 ЕКТС] **Трудово и право на социјално осигурување**
- [6.0 ЕКТС] **Изборен предмет од други единици**
- [6.0 ЕКТС] **Општ изборен предмет**

## Семестар 6

- [CLE-802] [6.0 ЕКТС] **Финансиско право**
- [CLE5020] [6.0 ЕКТС] **Управно процесно право**
- [CLE-503] [6.0 ЕКТС] **Казнено процесно право**
- [6.0 ЕКТС] **Изборен предмет од други единици**
- [6.0 ЕКТС] **Општ изборен предмет**

## Семестар 7

- [EITL-02] [6.0 ЕКТС] **Право на информатичка технологија**
- [C2455] [6.0 ЕКТС] **Вештачката интелигенција и правото**
- [CLI-602] [6.0 ЕКТС] **Процесирање на податоци**
- [6.0 ЕКТС] **Изборен стручен предмет**
- [6.0 ЕКТС] **Општ изборен предмет**

## Семестар 8

- [CLI-703] [6.0 ЕКТС] **Европско право за заштита на податоците**
- [CBI-403] [6.0 ЕКТС] **Основи на информациски системи**
- [C2456] [6.0 ЕКТС] **Дигитална форензика**
- [6.0 ЕКТС] **Изборен стручен предмет**
- [6.0 ЕКТС] **Општ изборен предмет**

# Description of courses

## Задолжителни предмети

- **Вовед во правото**
  - Студентите стекнуваат основни сознанија за државата и за правото. - Студентите ќе се оспособат за теоретското вообличување на разните облици на државата. - Критички осврт за правото како општествена појава. - Поттикнување на аналитичкиот осврт кај студентите за проблемите со кои денес се соочува државата и правото во услови на глобализација и во рамките на евроатлантските интеграции. - На крајот од предметот студентите ќе бидат во можност да ги разликуваат основните облици на државата и на правото. - Студентите ќе можат ги објаснуваат основните поими за државата и правото и ќе ги поврзуваат со практичниот живот. - Студентите ќе стекнат основни, воведни и општи спознанија за државата и правото кои ќе им бидат неопходни за понатамошните студии во рамките на правните науки.

- **Вовед во економија**
  Примарната цел на овој предмет е да се развие основно разбирање на главните економски концепти и теории кои се користат во анализа на економските прашања. Овој предмет е дизајниран на начин да им овозможи на студентите да се здобијат со знаење за основните принципи, концепти и техники во економијата како наука и во економските анализи. На крајот на предметот студентите треба да бидат во можност да „размислуваат како економисти“. Овој предмет обезбедува истражување на принципите на микро и на макроекономијата, со фокус на примена на знаењето во донесување одлуки во глобална средина. По завршување на предметот, студентите треба за се оспособат за да: го користат моделот на понудата и побарувачката и да го утврдат влијанието на промените во побарувачката или понудата врз цената и количината; го дефинираат БДП и да го опишат мерењето, употребата и ограничувањата на БДП како мерка на економска благосостојба; ја дефинираат инфлацијата и калкулираат, да се запознаваат со последиците и како да се прилагодат за тоа; како и да ги опишат улогите и алатките на централната банка.

- **Историја на правото**
  Овој предмет има за цел студентите: - Да се запознаат со историскиот развој на правото и на државата, како и со главните правно-општествени институции. - Да стекнат знаења во врска со историскиот развиток на правното мислење на начинот на кој студентите можат да го разберат правното мислење во минатото и сега. - Да бидат во состојба да ги разликуваат општествено-правните формации во минатото и да ја разберат нивната еволуција. - Да се запознаат со историскиот развој на посебните делови на позитивното право (граѓанско, кривично, управно, семејно и наследно право итн.) - Да бидат во состојба да ги разберат логиката на функционирањето на државата и правото кај античките цивилизации и во средниот век, но и да креираат идеи поврзувајќи ги со современото време.

- **Уставно право**
  Цели на предметот: - Стекнување сознанија за поимите, појавите и за институтите на уставното право како и за државните институции во Република Северна Македонија (РСМ), вклучувајќи ги тука и разните теоретски ставови за нив. - Стекнување конкретни сознанија за уставното право како наука и правна гранка, вклучувајќи ги тука и споредбената анализа на состојбата и перспективите во регионални и европски рамки. - Преку овој модул студентите ќе се оспособат за основните теоретски и практични сознанија за организацијата на државната власт во РСМ како и за слободите и правата на човекот и граѓанинот. - Поттикнување критичко мислење кај студентите за основните проблеми на уставното уредување во РСМ и во рамките на ЕУ, при што ќе се води сметка за профилот на европскиот правник кој во иднина како стручњак ќе треба да го толкува и да го применува европското уставно право како на национално така и на европско рамниште. - Во рамките на план-програмата ќе се обработува уставната материја од споредбен и од национален аспект, поради тоа што во услови на глобализација, уставното право не може да се разбере ако се разгледува исклучиво во национални рамки. - План-програмата ги опфаќа и: новиот Деловник на Собранието на РСМ кој има клучна улога за развојот на парламентарната демократија во РСМ, новите закони со кои се уредува уставна материја, како што се: законите од областа на: судството, локалната самоуправа, изборниот систем, цивилното општество, одбраната, надворешната политика итн. - Покрај оваа нормативна компонента, план-програмата се обработува и практиката на централните органи на државната власт во РСМ, и тоа; Собранието, Владата, Уставниот суд, Врховниот суд, која има голема улога за уставното право како наука. - Ќе бидат опфатени уставните амандмани од 2001 година кои имаат големо влијание врз мнозинската демократија во РСМ како и врз темелните вредности на уставниот поредок на РСМ како и уставните амандмани од 2005 година во врска со судските реформи во РМ. - На крајот на предметот, студентите ќе бидат во можност да ги направат основните и супстанцијалните разлики меѓу уставните институции, нивната меѓусебна поврзаност и нивното практично функционирање. - Да ги направат потребните теориски и практични разлики на поимите, појавите и на институтите на уставното право.

- **Граѓанско право – општ дел**
  Целта на наставниот предмет Граѓанско право - општ дел е студентите да стекнат основни знаења од оваа област. По завршувањето на семестарот од студентите се очекува да имаат стекнато теоретски познавања за главните поими и институти на граѓанското право, како што се: принципите на граѓанското право, изворите на граѓанското право, граѓанско-правните субјекти и нивната правна, деловна способност, граѓанско-правните односи, правните дела итн. Студентите ќе бидат обучени да ги направат неопходните теоретски и практични разлики во поимите и појавите со граѓанско-правен карактер во правниот систем на РСМ, да ги разликуваат нивните основни и суштински карактеристики и да ја забележат нивната важност и функција во практика.

- **Римско право**
  Цели на предметот: - Да им бидат претставени на студентите податоци за процесот на создавањето, развојот и промените на институциите и нормите на римското право под влијанието на разни историски околности. - Да се запознаат студентите со улогата на римското право како обединувачка сила во европската правна традиција. - Да им се даде можност на студентите да ги совладаат основите од римската правна терминологија. - Да се прикаже историјата на римската правна мисла од нејзините почетоци во републиканскиот период во Рим. - Да се објасни историската важност на перципирањето на римското право во континентална Европа.

- **Управно право**
  Во рамките на предметот се изучуваат административно материјалното и процесното право. Предмет на изучување се принципите на организација, работа и делокруг на административните органи, основните дејности што ја сочинуваат управната функција, актите на административните органи и односот меѓу граѓаните и администрацијата. Целите на предметот се студентите: -Да ги дефинираат и да ги разберат поимите администрација и административна функција. -Да ја препознаат и да ја анализираат правната регулатива со која се уредуваат организацијата и функционирањето на јавната администрација во РСМ. -Да ги согледаат основните дејности на административната функција. -Да направат разграничување меѓу видовите акти на администрацијата и да ги совладаат првите чекори на создавање такви акти. -Да ги изучат видовите административен надзор. -Да ги спознаат механизмите на контрола над администрацијата и нејзината одговорност пред другите државни органи, но и пред своите клиенти-корисници на нејзините услуги. -Да стекнат способности и вештини за идно вработување во органите на администрацијата на РСМ, невладините организации, установите и сите институции во кои се решаваат предмети од административно-правна природа.

- **Стварно право**
  Целта на предметот Стварно право е студентите да стекнат основни знаења од оваа област. По завршувањето на семестарот од студентите се очекува да имаат стекнато познавања во однос на поимот и предметот на стварното право, за субјектите, за начелата на стварното право, за владението, за правото на сопственост, правото на службеност, правото на залог, за реалните товари, за јавните книги итн. Се очекува кај студентите да се развива совеста во врска со овие институти и вештините за критички пристап кон законот и законската аргументација во областа на стварното право.

- **Меѓународно јавно право**
  Цел на предметот е студентите да се запознаат со основните поими на меѓународното јавно право, со формирањето на оваа научна дисциплина, нејзиниот развој и клучните аспекти.

- **Семејно право**
  Со изучување на предметот Семејно право се очекува студентите да стекнат знаење за правното уредување на односите кои настануваат меѓу членовите на семејството врз основа на бракот и сродството. Посебен акцент се посветува на основните институции на семејното право: бракот, родителството, посвојувањето, старателството, семејните односи, како тие со личен карактер така и оние со имотен карактер, семејните односи со лично-имотен карактер, вонбрачната заедница.

- **Усна комуникација**
  Цели на предметот се студентите: - Да развиваат вештини за вербална комуникација. - Да се во можност да се вклучат активно во дискусија за одредена тема. - Да ги совладаат техниките за успешна комуникација. - Да го изразуваат своето критичко мислење за одредени теми. - Да ги применуваат усвоените техники во својата професионална кариера.

- **Писмена комуникација**
  Цели на предметот се студентите: - Да стекнат сознанија за процесот на пишувањето (фази при креирање текст). - Да ги усвојат стандардните јазични норми. - Да постигнат академско ниво за писмено изразување на албански, на македонски или на англиски јазик со што ќе се применуваат претходно стекнатите знаења за стандардниот јазик. - Да се мотивираат за писмено изразување независно од видовите и формите на текстот. - Да ги усвојат критериумите на текстуалноста, кои се клучни за еден текст. - Да стекнат вештини за пребарување материјали (библиотечни и онлајн-ресурси).

- **Наследно право**
  Основната цел на предметот Наследно право е студентите да се запознаат со основните принципи на наследувањето во Република Северна Македонија, како и да стекнат знаења за основните наследно-правни институти со кои се уредува наследувањето во Република Северна Македонија. Преку овој предмет, во делот на компаративното право, студентите ќе се информираат за наследно-правните институти во современите наследно-правни системи, особено основните разлики меѓу континенталниот систем и системот Common Law (англосаксонски систем).

- **Право на ЕУ**
  По завршувањето на овој предмет се очекува студентите да ги познаваат суштината и опсегот на правото на ЕУ, да имаат целосен увид во организациско-правната структура на ЕУ согласно со промените наведени во Лисабонскиот договор; да умеат да вршат правилно толкување и примена на одредбите од актите на ЕУ што самото по себе би му овозможило понатамошно продлабочено изучување на поспецијализираните правни дисциплини кои го третираат правото на Унијата.

- **Кривично право - општ дел**
  Предметот Кривично право (општ дел) е задолжителен. Преку овој предмет студентите ќе стекнат основни знаења за казнено-правниот систем на РСМ. Посебно внимание ќе му се посветува на проучувањето на главните начела на казненото право, изворите на казненото право, казненото дело и неговите елементи, спојувањето на казнените дела, учеството на повеќемина лица во извршувањето на казненото дело, системот на казнено-правните санкции и др.

- **Облигационо право**
  Цели на предметот: Преку овој предмет студентите ќе стекнат сознанија за основите на облигационото право и за посебните видови облигациони односи и знаења што им се потребни во однос на субјективните граѓански права. Во областа на општото учење за облигационите односи студентите треба да стекнат вештини на примена на општите институти на облигационото право кај посебните видови облигациони односи. Студентите би требало да стекнат вештини за преговарање, склучување и за реализирање на посебните видови облигациони договори и знаења за механизмите на решавање на споровите околу исполнувањето на обврските на должникот. Студентите треба да стекнат знаења во поглед на установување штета и нејзино спроведување. Студентите ќе стекнат сознанија и за другите видови облигациони односи (стекнување без основ и еднострани изјави на волја).

- **Трговско право**
  Целта на наставниот предмет е студентите да стекнат основни знаења од областа на трговското право. Во таа насока студентите се запознаваат со правните правила за: извршување некоја деловна дејност, начинот на организирање на деловните субјекти, условите за основање и упис на деловните субјекти и на трговецот поединец како и за начините на престанување на деловните субјекти; начините за основање некој деловно-правен однос, условите за настанување на тие односи, ефектите и последиците; работата со хартиите од вредност: начините за заштитување на правата на индустриска сопственост, начините на заштитување на деловните субјекти од нелојална конкуренција: начините на заштитување на потрошувачите и др.

- **Кривично право - посебен дел**
  Посебниот дел на кривичното право е систем на законски одредби за кривичните дела и санкциите за тие дела. Предмет на посебниот дел е одредување на тоа кои поведенија на човекот ќе бидат констатирани како кривични дела и какви ќе бидат обликот и обемот на казнено-правната реакција за нивното вршење спротивно на поставените забрани.

- **Трудово и право на социјално осигурување**
  Изучувањето на предметот Трудово и право на социјално осигурување на студентите ќе им овозможи: - Да се запознаат со прашања и проблеми кои се составен дел на трудовото право, тргнувајќи од фундаменталната

премиса дека секој од нас еден ден ќе заснова работен однос и токму поради тоа познавањата на правата за работниот однос претставуваат и прашања на борба за поквалитетен живот. - Да се запознаат со различните аспекти на остварувањето на правата, обврските и одговорностите од работниот однос како и со правните институции од областа на трудот. - Да ги проучуваат работните односи во практиката преку постапката на вработување, склучување на договор за вработување, остварување и заштита на правата за работен однос кај работодавецот и надлежните органи, постапката за одговорност на вработените, престанување на работниот однос, односно престанување на важноста на договорот за вработување. - Да изработат конкретни акти во врска со сите институти кои се опфатени со позитивната законска регулатива од областа на работните односи во Република Северна Македонија. - Да се овозможат разни форми и облици на партиципација на студентите и да се инкорпорира можност за освојување на што е можно поголем број од поените предвидени за активност.

- **Финансиско право**
  Целта на предметот е да им се овозможи на студентите да стекнат основни знаења од областа на финансиското право, односно од финансиско-правните односи (од содржински и од формално правен аспект).

- **Управно процесно право**
  Цели на предметот: Административното процесно право вклучува две посебни области (делови): управната постапка и управниот спор, што го претставуваат основниот предмет на проучување на формалниот (процедуралниот) дел на управното право. Разработката на предметот им овозможува на студентите стекнување знаења преку кои полесно се разбираат, се објаснуваат и се анализираат прашањата поврзани со поимите и институтите на административното процесно право. Во првиот дел се објаснува процедурата (дејствувањето) на органите на јавната и државната администрација во применувањето на материјалните правни норми, кога при директна примена на правните одредби во конкретни случаи одлучуваат за правата, обврските или правните интереси на поединци, правни лица или од другите странки. Во вториот дел се објаснува судската контрола на законитоста на конечните административни акти - контролата на вршењето на административната активност и јавните услуги.

- **Казнено процесно право**
  Целта на предметот Казнено процесно право е студентите да се запознаат со кривично-процесните одредби со кои законски се регулира активноста на процедуралните органи и на другите процедурални учесници и да се оспособат за нивна правна апликација во практиката.

- **Право на информатичка технологија**
  Главната цел е студентите да се запознаат со можностите за апликација на информатичките и комуникациските технологии во правната професија. Студентите ќе бидат запознаени со општите концептуални основи на правната информатика. Посебен акцент се дава на стекнување вештини, односно практични знаења во наоѓање и користење на правни информации со помош на нови технологии, бази на податоци и пребарувачи. Студентите, исто така, ќе бидат запознаени и со основните прашања на е-управа, е-трговија, е-јавни набавки, е-правда и е-демократија.

- **Вештачката интелигенција и правото**
  Вештачката интелигенција се карактеризира со траекторија на раст со примена во речиси секој аспект од животот. Целта на овој предмет е да испита широк опсег на технологии, но уште поважно, дебата за правните и политичките предизвици што ги поставува вештачката интелигенција (АИ), машинското учење и другите технологии кои се појавуваат. Во рамките на предметот ќе се анализираат и развиваат правните и етичките политички рамки кои имаат за цел да осигурат дека вештачката интелигенција е развиена на етички, сигурен начин и дека ќе им помогне на граѓаните и другите засегнати страни да имаат корист од тоа.

- **Процесирање на податоци**
  Целта на овој предмет е студентите да се запознаат со концептот на податоци, дефинирање на податоци, видови податоци, препознавање на податоци, извори на податоци, собирање итн. Преку предметот студентите ќе се запознаат со формите и методите на собирање, идентификација на важни податоци, откривање на податоци што недостасуваат, со елементарна обработка на податоци (како чистење и некои статистички операции) и приспособување на податоците за понатамошна употреба. Студентите кои успешно ќе го завршат предметот ќе може да препознаваат, манипулираат и успешно да користат податоци во областа на правото и од областа на правото.

- **Европско право за заштита на податоците**
Студентите ќе стекнат продлабочени знаења за стандардите за заштита на податоците на ЕУ кои се засноваат на Конвенцијата 108 на Советот на Европа, инструментите на ЕУ, вклучувајќи ја и општата регулатива за заштита на податоците и Директивата за заштита на податоци за полицијата и органите за кривична правда, како и соодветната судска практика на Европскиот суд за човекови права и на Судот на правдата на Европската унија. Брзиот развој на информатичката технологија ја наметна потребата за стабилна заштита на личните податоци, а правото на заштита на личните податоци се врши главно преку инструментите на Европската унија (ЕУ) и Советот на Европа (CoE). Заштитата на ова важно право не соочува со нови и значајни предизвици, бидејќи технолошките достигнувања ги прошируваат границите на области како што се надгледување, следење на комуникациите и складирање на податоци. Предметот е значаен за студентите бидејќи нашите општества стануваат се повеќе дигитализирани. Темпото на технолошкиот развој и како се обработуваат личните податоци влијае на секој од нас, секојдневно и на најразлични начини, поврзани и наметнати од новите технолошки достигнувања. Правните рамки на Европската унија (ЕУ) и Советот на Европа кои ги заштитуваат приватноста и личните податоци неодамна беа разгледани. Европа е во првите редови на заштита на податоците на светско ниво.

- **Основи на информациски системи**
Цели на предметот: 1. Да ги научат основните концепти и терминологијата на информацски системи: a. Основни информациски системи и концепти: Хардвер, софтвер, мрежи; b. E-World: е-бизнис и е-трговија; c. Развојни процеси. 2. Да научат повеќе за информациските системи и технологии кои ги подобруваат бизнис вредностите и разните бизнис-процеси во организациите. 3. Да ги применат е-концептите со различни управувачки дисциплини, при процес на анализа, интерпретација, проценка и одлука. 4. Да го разберат процесот на редизајнирање на организации со користење на информациски системи. 5. Да ја опишат улогата на информациските системи во донесувањето одлуки. 6. Да ја испитаат безбедноста на информациите, како и етичките и социјалните прашања. 7. Да се запознаат со интернетот, електронската трговија и е-бизнисот. 8. Да се оспособат студентите да работат на проекти, индивидуални или групни, кои по природа можат да бидат: студии на случај, научно – истражувачки проекти, развојни проекти или практична работа.

- **Дигитална форензика**
Дигиталната форензика е процес на откривање на хакерски напади и соодветно извлекување докази за пријавување на криминалот и спроведување на ревизии за да се спречат идните напади. Се користи во различни видови истраги како кривична и граѓанска истрага, корпоративни судски спорови, компјутерски криминал итн. Игра витална улога во истрагата и гонењето на сајбер криминалците. Предметот се однесува на збир на методолошки процедури и техники за идентификување, собирање, зачувување, извлекување, толкување, документирање и презентирање докази од компјутерската опрема, така што откриените докази може да се користат за време на правна и/или управна постапка пред суд. Доказите може да се бараат во широк опсег на компјутерски криминал или злоупотреба, вклучувајќи, но не ограничувајќи се на кражба на деловни тајни, кражба или уништување на интелектуална сопственост и измама. Во рамките на овој предмет студентите ќе стекнат потребни вештини за да се идентификуваат трагите на натрапникот и правилно да се соберат потребните докази за кривично гонење пред соодветен суд. Овој предмет ќе даде сеопфатен преглед на клучните компоненти на дигиталната форензика. Преку овој предмет се обезбедува солидно фундаментално знаење потребно за кариера во дигиталната форензика.

## Изборни предмети

- **Албански јазик за почетници 1**
Целта на предметот Албански јазик за почетници 1, 2 е студентите кои немаат елементарни знаења од албанскиот јазик да се запознаат со карактеристиките на овој јазик, да стекнат знаења за јазичната структура на албанскиот јазик, да ги прошират и да ги применат своите знаења во секојдневни ситуации, со помош на кои истовремено ќе стекнат знаења за јазичната структура на албанскиот јазик, ќе совладаат скромен фонд од различни лексички и граматички категории кои ќе им овозможат едноставни конверзации.

- **Албански јазик за почетници 2**
Целта на предметот Албански јазик за почетници 1, 2 е студентите кои немаат елементарни знаења од албанскиот јазик да се запознаат со карактеристиките на овој јазик, да стекнат знаења за јазичната структура на албанскиот јазик, да ги прошират и да ги применат своите знаења во секојдневни ситуации, со помош на кои истовремено ќе стекнат знаења за јазичната структура на албанскиот јазик, ќе совладаат скромен фонд од различни лексички и граматички категории кои ќе им овозможат едноставни конверзации.

- **Македонски јазик за почетници 1**
  Програмата за предметот Македонски јазик за почетници 1 опфаќа: читање, пишување, слушање и зборување. Преку посебни вежби и предавања се овозможува запознавање со основната комуникација на македонскиот јазик, т.е. запознавање, поздравување, претставување, збогатување на зборовниот фонд и пишување и разбирање кратки текстови. При создавањето на програмата се води сметка студентите стекнатите знаења да можат да ги применуваат и понатаму. Материјалот се обработува по принципот на комбинирани предавања и вежби, како и континуирани задачи, преку кои студентите активно се вклучени за време на часот и учествуваат со свои прашања и предлози во креирањето на часот.

- **Македонски јазик за почетници 2**
  Програмата за предметот Македонски јазик за почетници 2 опфаќа: читање, пишување, слушање и зборување. Во рамките на овој предмет е опфатено следново: секојдневни обврски, планирање активности за наредниот период, опис на лица, места и на предмети. При создавањето на програмата се води сметка студентите стекнатите знаења да можат да ги применуваат и понатаму.

- **Македонски јазик средно ниво 1**
  Програмата за предметот Македонски јазик средно ниво 2 опфаќа: читање, пишување, слушање и зборување. Притоа посебен акцент е ставен врз развојот на комуникациските способности на студентите, односно примена на јазикот во секојдневен и во професионален контекст, збогатување на вокабуларот и стекнување сознанија за структурата и за видовите професионални текстови. Ќе бидат опфатени различните стилови на комуникација, при што целта ќе биде студентите преку своите текстови да воспостават добра комуникација со аудиториумот и да го привлечат и да го задржат вниманието.

- **Македонски јазик средно ниво 2**
  По завршувањето на предметот Македонски јазик за професионални цели 1 од студентите се очекува да ги продлабочат и да ги зајакнат своите способности за напредно писмено и усно изразување на македонски јазик во контекст на различните професионални опкружувања. Студентите ќе бидат оспособени да читаат, пишуваат и да разбираат различни видови професионални и официјални текстови на македонски јазик. Исто така, ќе стекнат знаења и вештини за општата терминологија од областа на правото, бизнисот и економијата, администрацијата, компјутерските науки, јазикот и комуникацијата и ќе можат да ја употребуваат во рамките на своите идни професии. Освен тоа, од студентите се очекува да станат поавтономни во изучувањето на јазикот и ќе бидат во можност да размислуваат критички на различни теми, како и да стекнат способност за напредна писмена и усна комуникација на македонски јазик во една мултијазична и мултикултурна средина.

- **Македонски јазик за професионални цели 1**
  По завршувањето на предметот Македонски јазик за професионални цели 2 од студентите се очекува да ги утврдат и да ги зголемат своите способности за напредно писмено и усно изразување на македонски јазик во контекст на нивните идни професии. Студентите ќе бидат оспособени да читаат, пишуваат и да разбираат различни видови професионални и специјализирани текстови на македонски јазик, да ги анализираат и да коментираат за нив како и да состават своја професионална биографија на македонски јазик (CV). Ќе ги зголемат и ќе ги прошират и своите познавања на стручната и научната терминологија од областа на правото, бизнисот и економијата, администрацијата, компјутерските науки, јазикот и комуникацијата и ќе можат да ја користат во симулација на автентични ситуации од нивното професионално опкружување, како и во дебати и при размена на мислења поврзани со различни аспекти на овие професии.

- **Македонски јазик за професионални цели 2**
  По завршувањето на предметот Македонски јазик за професионални цели 2 од студентите се очекува да ги утврдат и да ги зголемат своите способности за напредно писмено и усно изразување на македонски јазик во контекст на нивните идни професии. Студентите ќе бидат оспособени да читаат, пишуваат и да разбираат различни видови професионални и специјализирани текстови на македонски јазик, да ги анализираат и да коментираат за нив како и да состават своја професионална биографија на македонски јазик (CV). Ќе ги зголемат и ќе ги прошират и своите познавања на стручната и научната терминологија од областа на правото, бизнисот и економијата, администрацијата, компјутерските науки, јазикот и комуникацијата и ќе можат да ја користат во симулација на автентични ситуации од нивното професионално опкружување, како и во дебати и при размена на мислења поврзани со различни аспекти на овие професии.

- **Англиски јазик 1**
  По завршување на секое ниво на овој предмет кое се одредува според тест на почетокот на семестарот/годината, од студентите се очекува да бидат на различно ниво според Европската јазична рамка и да можат да разберат и користат различни фрази и изрази за нивни потреби како што се: прашања и одговори

за себе и за семејството, за својот живот, за слободното време, финансии, за универзитетски дипломи, за работни вештини, за нивниот личен напредок, за својата идна професија и сл., да учествуваат во дијалози и дебати и да пишуваат параграфи или есеи на теми кои ги обработувале. По завршувањето од студентите се очекува да се на ниво А1 според Европската јазична рамка. Тие треба да се во состојба да ги разберат и употребат правилно основните изрази сврзани со конкретни барања, да прашаат и да одговорат на прашања сврзани со личен идентитет и врски, да се претставaт себеси и други со употреба на лични и присвојни заменки, да се поздрават, да употребат точен вокабулар за објекти во училница, да разликуваат помеѓу еднина и множина, да ги препознаат и да ги употребат броевите од 1-100. Исто така, студентите треба да бидат во состојба да опишат еден типичен ден и со употреба на поедноставни јазични структури да ја опишат дневната рутина, да пишуваат и да зборуваат за нивниот живот и слободно време. Тие треба да го распознаат и да го употребат правилно вокабуларот сврзан со категориите на храна и пијалаци, месеци во годината, способности и да се способни да се изразат во ситуации кога треба учтиво да побараат, да опишат места, да изберат дестинација и да дадат упатства, да зборуваат за лични преференци.

- **Англиски јазик 2**
  По завршување на секое ниво на овој предмет кое се одредува според тест на почетокот на семестарот/годината, од студентите се очекува да бидат на различно ниво според Европската јазична рамка и да можат да разберат и користат различни фрази и изрази за нивни потреби како што се: прашања и одговори за себе и за семејството, за својот живот, за слободното време, финансии, за универзитетски дипломи, за работни вештини, за нивниот личен напредок, за својата идна професија и сл., да учествуваат во дијалози и дебати и да пишуваат параграфи или есеи на теми кои ги обработувале. По завршувањето од студентите се очекува да се на ниво А1 според Европската јазична рамка. Тие треба да се во состојба да ги разберат и употребат правилно основните изрази сврзани со конкретни барања, да прашаат и да одговорат на прашања сврзани со личен идентитет и врски, да се претставaт себеси и други со употреба на лични и присвојни заменки, да се поздрават, да употребат точен вокабулар за објекти во училница, да разликуваат помеѓу еднина и множина, да ги препознаат и да ги употребат броевите од 1-100. Исто така, студентите треба да бидат во состојба да опишат еден типичен ден и со употреба на поедноставни јазични структури да ја опишат дневната рутина, да пишуваат и да зборуваат за нивниот живот и слободно време. Тие треба да го распознаат и да го употребат правилно вокабуларот сврзан со категориите на храна и пијалаци, месеци во годината, способности и да се способни да се изразат во ситуации кога треба учтиво да побараат, да опишат места, да изберат дестинација и да дадат упатства, да зборуваат за лични преференци.

- **Англиски јазик 3**
  По завршување на секое ниво на овој предмет кое се одредува според тест на почетокот на семестарот/годината, од студентите се очекува да бидат на различно ниво според Европската јазична рамка и да можат да разберат и користат различни фрази и изрази за нивни потреби како што се: прашања и одговори за себе и за семејството, за својот живот, за слободното време, финансии, за универзитетски дипломи, за работни вештини, за нивниот личен напредок, за својата идна професија и сл., да учествуваат во дијалози и дебати и да пишуваат параграфи или есеи на теми кои ги обработувале. При завршувањето и полагањето на овој предмет, од студентите се очекува да го постигнат нивото Б1 од европската јазична рамка. Тие би требало да се во можност да прашуваат и одговараат на прашања сврзани со различни теми како криминални појави, природни непогоди, работни вештини и ситуации, да одговараат на покани, да разговараат за семејни врски и брачна состојба и да бидат во состојба да го препознаат и да го употребат соодветно вокабуларот сврзан со универзитетско образование, уметност, патувања и спорт.

- **Англиски јазик 4**
  По завршување на секое ниво на овој предмет кое се одредува според тест на почетокот на семестарот/годината, од студентите се очекува да бидат на различно ниво според Европската јазична рамка и да можат да разберат и користат различни фрази и изрази за нивни потреби како што се: прашања и одговори за себе и за семејството, за својот живот, за слободното време, животната околина, за нивните финансии, проблеми, да поставуваат и да одговараат на прашања за универзитетски дипломи, за работни вештини, за нивниот личен напредок, за својата идна професија и сл., да бидат во состојба да го оценат сопственото напредок во учење на јазикот, да учествуваат во дијалози и дебати и да пишуваат параграфи или есеи на теми кои ги обработувале. При положувањето на овој предмет, од студентите се очекува да бидат на ниво Б2 според Европската јазична рамка. Од нив се очекува да бидат способни да го користат независно англискиот јазик и да имплементираат следниве јазични функции како пример-да дадат совет, да разговараат за универзитетски дипломи, работни вештини и ситуации, да поканувaат и да одговараат на покани, да читаат текстови и да слушаат содржини со цел да се разбере суштината и деталите.

- **Англиски јазик 5**

Англиски за академски намени е предмет во времетраење од еден семестар. Целите на предметот се да им овозможи на студентите да се здобијат со вештини кои го потпомагаат учењето на англискиот јазик и напредување во академска средина. Предметот треба да ги оспособи студентите да ги употребуваат овие јазични вештини или вештини за учење не само во контекст на учење на јазик туку и во контекст на настава на стручните предмети. Предметот вклучува вештини на усно презентирање, аргументирање, пишување, оценето во специфични задачи. По успешно завршување на предметот, се очекува дека нивото на познавање на англискиот јазик кај студентите ќе биде Ц1 според Европската јазична рамка. Како резултат, по завршувањето, студентите треба да бидат способни усно да презентираат, да учествуваат во дебати и форуми за дискусија, да го образложат своето мислење со аргументи и да им дадат конструктивна повратна информација на соучениците. Понатаму, студентите треба да се способни да слушаат и читаат и да ја разберат суштината и деталите, и успешно да напишат параграф и есеј во кој го аргументираат нивното мислење. Треба да можат да се вклучат во конверзација, дискусија и да ги изнесат своите ставови и мислења, да ги организираат своите идеи и успешно да напишат параграф и есеј во кои образложуваат проблем и предлагаат решение, вршат споредби и контрастираат. Студентите би требало да се способни да презентираат визуелни информации, да презентираат на дадена тема, да ги идентификуваат главните идеи и детали во текст, цели и пораки на текст, како и начини на организирање на текст и да ги применат во пишување.

- **Англиски јазик за право 1**
  Овој предмет се нуди за подобрување на четирите јазични вештини: читање, пишување, слушање и говор во соодветната содржинска област; повторување и надградување на граматичките поими од средно и повисоко средно ниво во контекст на збогатување на вокабуларот во областа на правните науки, за совладување на покомплицирани текстови од оваа област и за комуникација со колеги и експерти од областа на правните науки. Англиски јазик за право 1 и 2 е наменет за студентите од Правниот факултет. Програмата е фокусирана на подобрување на владеењето на англискиот јазик во целина, совладување на посебен волабулар од овие области, развој и подобрување на вештините за академско пишување и читање, како и дискусии на написи и текстови од областа на правото. Се користат материјали од разни извори, вклучувајќи и учебници од еминентни издавачи, како и автентични материјали и текстови. Главниот акцент на предметната програма е на користење на стручна терминологија за комуникациски цели кои ќе бидат применливи во развојот на кариерата на студентите.

- **Англиски јазик за право 2**
  Овој предмет се нуди за подобрување на четирите јазични вештини: читање, пишување, слушање и говор во соодветната содржинска област; повторување и надградување на граматичките поими од средно и повисоко средно ниво во контекст на збогатување на вокабуларот во областа на правните науки, за совладување на покомплицирани текстови од оваа област и за комуникација со колеги и експерти од областа на правните науки. Англиски јазик за право 1 и 2 е наменет за студентите од Правниот факултет. Програмата е фокусирана на подобрување на владеењето на англискиот јазик во целина, совладување на посебен волабулар од овие области, развој и подобрување на вештините за академско пишување и читање, како и дискусии на написи и текстови од областа на правото. Се користат материјали од разни извори, вклучувајќи и учебници од еминентни издавачи, како и автентични материјали и текстови. Главниот акцент на предметната програма е на користење на стручна терминологија за комуникациски цели кои ќе бидат применливи во развојот на кариерата на студентите.

- **Избрани поглавја од ИТ вештини**
  Целта на овој предмет е: - На студентите да им се прикажат техничките елементи, структурата на текстот и дизајнот на разни трудови во текот на студиите. - Да им овозможи на студентите да стекнат познавања на ИТ-вештини, кои ќе им бидат потребни при изработка на научни трудови, стручни трудови и презентации. - Да се оспособат студентите за практична примена на ИТ-вештините.

- **Microsoft Office Excel**
  Официјален академски предмет на Microsoft (MOAC) за Excel 2016 обезбедува практично искуство за зголемување на вашите лични вештини за продуктивност. Оваа програма е поделена на 13 лекции ги опфаќа сите производни области потребни за да се положи испитот MOS 77-727.

- **Microsoft Office Access**
  Официјален академски предмет на Мајкрософт за Access 2016 обезбедува практично искуство за да ги зголемите вашите лични вештини за продуктивност. Оваа програма е поделена во 10 лекции и ги опфаќа сите потребни производни области за да се положи испитот МОС 77-730.

- **Microsoft Office PowerPoint**
  Официјален академски предмет на Мајкрософт (MOAC) за PowerPoint 2016 обезбедува практично искуство за зголемување на вашите лични вештини за продуктивност. Оваа програма е поделена на 11 лекции кои ги покриваат сите производни области потребни за да се положи испитот MOS 77-729.

- **Microsoft Office Word**
  Официјален академски предмет на Мајкрософт (MOAC) за Word 2016 обезбедува практично искуство за зголемување на вашите лични вештини за продуктивност. Оваа програма е поделена на 11 лекции кои ги покриваат сите производни области потребни за да се положи испитот MOS 77-725.

- **Креирање веб-страници**
  Целта на овој предмет е развивање на едноставна веб-страница според важечките стандарди, бара познавање на Hypertext Markup Language (XHTML) и Cascading Style Sheets (CSS). Повеќето веб-страници користат и слики, во форма на банери, копчиња, логоа, слики или скенови. Adobe Fireworks е изграден како алатка за да се креира и да се манипулира со слики наменети за веб и да им овозможи на креаторите да ги оптимизираат овие слики, со цел да се намали големината на датотеката. Fireworks, исто така, обезбедува одлична интеграција со Dreamweaver. Оваа серија обезбедува сеопфатен вовед во XHTML, CSS и креирање веб-графика.

- **Дизајн на дигитални медиуми**
  Целта на овој предмет е дизајн и обработка на растер и вектор графика преку водечките програми Adobe Photoshop и Illustrator како и дизајнирање и публикација на комерцијални материјали за печатење со помош на Adobe In Design.

- **Гугл апликации за едукација**
  Концептуален преглед со практични упатства за искористување на образовниот потенцијал на G Suite. Ги идентификува принципите на учење што водат ефективна употреба на G Suite за создавање средини за учење што ја подобруваат образовната комуникација. Овој предмет е организиран во серија модули. Модулите се прикачени на менито што може да се соберат, достапно на страницата „Гугл“ за образование што ги организира модулите во приближно ист редослед по кој ќе се дискутираат на час.

- **Основи на ИТ-хардвер и софтвер IT**
  Студентите по завршување на овој предмет ќе можат да ги опишат внатрешните компоненти на компјутерот, да состават компјутерски систем, да инсталираат оперативен систем и да решаваат проблеми користејќи системски алатки и дијагностички софтвер. Студентите, исто така, ќе можат да користат различни ИКТ-апликации и алатки, да истражуваат на Интернет и да се осврнат на безбедноста на информациските системи и прашањата поврзани со етиката и компјутерскиот криминал.

- **Вовед во сајбер безбедност**
  Овој предмет ќе ги опфати најважните аспекти за да се остане безбеден на интернет со тоа што студентите ќе стекнат знаења подобро ја разбираат безбедноста на интернет и ќе почнат да го штитат својот дигитален живот, без разлика дали се дома или на училиште. Препознавањето на заканите што можат да наштетат на интернет е исто толку важно како и чекорите што можете да се преземат за да се спречат или надминат овие закани. Предметот исто така ќе обезбеди дефиниции, детални информации, вклучувајќи вируси и тројанци, како и концепти како што се мрежна безбедност, криптографија, кражба на идентитет и управување со ризик.

- **Вовед во јавна администрација**
  Јавната администрација претставува поле од посебен научен интерес. Во предметот Вовед во јавна администрација студентите ќе се здобијат со знаења за основните концепти на јавната администрација. Посебен акцент ќе биде ставен врз еволуцијата на јавната администрација, како и реформите во оваа област во нашава земја. Студентите ќе имаат можност да се запознаат со ова поле и критички да ги анализираат развојот и појавите на јавната администрација. Бидејќи оваа област е предмет на постојани промени, посебен осврт ќе се посвети на новите теории, како и класичните теории на јавната администрација. Предметот на истражување се состои во: поими и основни знаења за принципите и институциите на јавната администрација; улогата и значењето на јавната администрација во организираното општество; генезата и историскиот развиток на јавната администрација; Организационата структура на јавната администрација;

функционирањето на институциите на јавната администрација; Државните службеници; контрола и одговорност на ЈА, комуникации во ЈА, јавната администрација како служба за одбрана и реализација на човековите права итн.

- **Јавно лидерство и организациски развој**
  Целта на предметот е да им се овозможи на студентите како лидери и раководители да го развиваат и да го спроведуваат постигнувањето на мисијата и визијата на одредена организација во јавниот сектор; да ги развиваат вредности кои се неопходни за долгорочниот успех и за нивна примена преку соодветни активности и навики; како лидерите и раководителите лично да се вклучени во обезбедувањето сигурност дека системите за управување со организацијата ќе се развиваат и ќе се спроведуваат. Исто така, преку предметот се опфаќа и начинот како организацијата ги спроведува својата мисија и својата визија преку јасна стратегија заснована на мислењата на сите заинтересирани страни, поддржана преку сите релевантни политики, планови, цели и процеси.

- **Вовед во јавни политики**
  Целта на предметот е студентите полесно да ги разберат и да ги совладаат јавната политика, нејзините принципи за создавање, водење конкретна политика, како и анализа, имплементација, евалуација и развој. Менаџментот на јавни политики е дисциплина за решавање проблеми која ги користи сознанијата од методологиите и основните теории на општествените науки, на општествените професии и на филозофијата на политиките.

- **Вовед во право**
  Цели на предметната програма:

- **Вовед во криминалистика**
  Преку овој предмет студентите стекнуваат знаења и ги продлабочуваат знаењата од криминалистиката. Оваа дисциплина во поширока смисла на зборот придонесува за борбата против криминалитетот преку откривање и превенција. Предметната програма по криминалистика ќе се разработува од теоретски и од практичен аспект (преку консултации, препорака на литература, дебати и дискусии со студенти). Целта на овој предмет е да се подготват и да се оспособат студентите за употреба и примена на современите криминалистички средства и методи кои се применуваат за откривање и објаснување на кривичните дела и за превенција на криминалитетот.

- **Трудово и право на социјално осигурување**
  Цели на предметот: • Студентите да стекнат релевантни знаења за трудовото право и социјалното осигурување како позитивна гранка на правото и како наука; • Студентите да стекнат солидни теоретски и практични знаења од областа на работните односи и други права кои произлегуваат од работниот однос и тоа права од социјално осигурување (пензиско-инвалидско, здравствено, осигурување во случај на невработеност и сл.). Студентите исто така ќе добијат подетален преглед на правата, обврските и одговорностите од работниот однос и правата од социјално осигурување. • Студентите да стекнат теоретски знаења за главните поими и институти за трудово право и социјално осигурување; • Студентите да се запознаат со прашања и проблеми што се проучуваат и уредуваат во трудовото право и социјалното осигурување, со историскиот развој на трудовото право и институциите за социјално осигурување; • Да се поттикне аналитичко и критичко размислување кај студентите во однос на проблемите со кои се соочува денес трудовото право и социјалното осигурување во РСМ. • Да им овозможи на студентите да направат соодветни теоретски и практични дистинкции на поимите и појавите со работен карактер во правниот систем на РСМ, да ги разликуваат нивните основни и суштински карактеристики, како и да ја забележат нивната важност и делување во практиката; За да бидат дел од современите случувања во областа на трудовото право, студентите ќе се информираат за развојот, улогата и значењето на Меѓународната организација на трудот (МОТ) како креатор и релевантен контролор во имплементацијата на меѓународните стандарди на трудот. Заштитата на правата од работен однос се реализира не само на национално, туку и на меѓународно ниво, затоа една од целите на овој предмет е студентите да стекнат знаење во овој предмет преку консултација и анализа на случаите од практиката на судовите во земјава, но и предметите од Европскиот суд за човекови права.

- **Меѓународно право за правата на човекот**
  Борбата за човекови права започнува со историските напори за да се запознаат со истите. Со текот на времето, корпусот на слободите и правата на човекот и граѓанинот што се инкриминирани со закони или меѓународните договори се шири, но тоа сигурно тоа не е показател дека тие се почитуваат и имплементираат во практиката. Првично се сметало дека човековите права претставуваат или се дел од внатрешните работи на државите (според принципот на апсолутниот суверенитет), а само во поново време се стекнаа со насловот на

jus cogens норми. Преку овој предмет студентите ќе се запознаат со развитокот на доктрината за човековите права, видовите и категориите на човековите права и ќе ги проучуваат соодветните документи кои ги уредуваат тие права. Целта на овој предмет е студентите да се запознаат со концептот на меѓународното право за човекови права, спроведување на истите, влијанието во креирањето на националните политики што ќе ги поттикне да размислуваат критички на односот меѓу меѓународното право и националното право и да бидат свесни за сегашните меѓународни настани и нивното влијание врз секојдневниот живот на луѓето во светот. Воедно студентите ќе се поттикнат да придонесат во областа на изготвување на законите за заштита на човековите права.

- **Право на интелектуална сопственост**
  Во рамките на предметот Право на интелектуална сопственост студентите ќе се стекнат со продлабочени знаења од областа на интелектуалната сопственост. Со изучување на предметот студентите ќе се стекнат со знаења за авторското право и сродните права и правата на индустриска сопственост. Предметот опфаќа содржини кои се однесуваат на поимот, настанувањето и развојот на правото на интелектуална сопственост, како и различните видови домашни и меѓународни извори на ова право. Најголемо внимание ќе се посвети на изучување на различните видови права на интелектуална сопственост, нивната прометливост и начин на заштита. Студентите ќе се стекнат со знаења за основите на правото на интелектуална сопственост, видовите права и носителите на правата. Истовремено ќе се обучат да ги препознаат и разликуваат правата на интелектуална сопственост во предметите што секојдневно ги опкружуваат. Кај правата што подлежат на регистрација, студентите ќе се обучат како да пополнат пријава за патент, трговска марка, индустриски дизајн итн. Студентите ќе се оспособат да ги разликуваат творците (автори, пронаоѓачи, креатори) од носителите на правата, физички и правни лица, но и да осознаат кои права им припаѓаат (морални, материјални и други права). Стекнувајќи се со знаења за правата кои им припаѓаат на носителите, студентите ќе се стекнат со практични знаења како се врши прометот на правата од интелектуална сопственост, при тоа ќе сфата колкаво е значењето но и економската вредност на овие право во светот и кај нас. Посебно ќе се стекнат со вештини за преговарање и изработка на договорите за пренесување на правата од интелектуална сопственост, како што се: договорот за лиценца, цесија, франшизинг, трансфер на технологии, договор за издаваштво, договор за филмско дело, договор за јавно прикажување, договор за авторско дело од работен однос и сл. Како резултат на добиените знаења студентите ќе се оспособат да ги препознаваат секојдневните повреди на правата од интелектуална сопственост (фалсификување и пиратерија) но ќе ги изучат и причините за овие појави, како и други видови дејствија на нелојална конкуренција. Како логична завршница на овој курс студентите ќе се стекнат со знаења за заштитата на овие права. Целта на предметот Право на интелектуална сопственост е студентите да бидат во можност да: - го разберат комплексниот систем на правото на интелектуална сопственост, како и неговото правно уредување; - ги разберат различните видови права на интелектуална сопственост и начинот на нивно настанување, остварување и заштита; - можат на соодветен начин да ги стават во промет правата на интелектуална сопственост; - се подготват за полагање на стручни испити за застапници во областа; -стекнат способност за ефикасна примена на регулативата од оваа област, како нови и перспективно правно подрачје.

- **Потпомогната репродуктивна технологија и право**
  Целта на овој предмет е да се истакне фактот дека во современото општество не постои универзален, општоприфатен модел на семејството и на родителството. Преку изучување на предметот „Потпомогната репродуктивна технологија и право“, студентите ќе стекнат знаењата за новите вештачки репродуктивни технологии кои се дел на современата натална политика. Подетално студентите ќе се запознаат за сите вештачки репродуктивни технологии, како што се: вештачка инсеминација, ин витро фертилизација, сурогат-мајчинството, раѓањето на деца од сама жена со донација на сперма, постхумната репродукција, кородителство, зачнување дете од тројца родители, криопрезервација на гаметите или ембрионите. Студентите ќе имаат можност да се информираат дека постојат и многу други можности кои ги нуди науката, но се забранети, на пример клонирање, бирање на полот, подобрување на физичките, интелектуалните или другите капацитети (евгеника) на идното дете итн. Преку изучување на овој предмет се очекува од студентите да го развијат своето критичко мислење дебатирајќи за комплексниот збир морални, етички и правни дилеми поврзани со овие нови репродуктивни технологии.

- **Семејно насилство**
  Семејното насилство е општествен феномен широко распространет во современото општество. Тоа е присутно во сите држави и општества, без оглед на нивниот развој и еманципација. Имуна на овој феномен не е ниту нашава земја, ниту регионов во кој живееме. Затоа, студентите по право преку овој предмет се стекнуваат со знаење за тоа што е семејно насилство, облиците во кои се манифестира, законските прописи предвидени во нашава земја, во регионов и во меѓународните прописи како и за начините за превенција. По завршувањето на овој предмет студентите ќе бидат во можност да го идентификуваат семејното насилство, да ги

идентификуваат кривичните дела инкриминирани во Кривичниот законик од оваа сфера како и да развиваат критичко размислување за оваа проблематика. Овој предмет му овозможува на идниот правник за време на вршење на идната професија како судија, обвинител или адвокат да се справи на најсоодветен начин со овие случаи кои имаат голема чувствителност како и да обезбедат соодветна помош и заштита на жртвите на овие кривични дела.

- **Вовед во компјутерски науки**
  Вовед во интелектуалните претпријатија од компјутерските науки и уметноста на програмирање. Преку овој предмет студентите ќе научат како да размислуваат алгоритамски и да ги решаваат проблемите ефикасно. Проблемски множества инспирирани од уметностите, хуманистичките науки, општествените науки и науките. Дизајниран за концентратори и неконцентратори подеднакво, со или без претходно искуство во програмирање. Меѓу главните цели на овој предмет се да ги инспирира студентите да истражуваат непознати области, без страв од неуспех, да создадат интензивно, споделено искуство, достапно за сите студенти и да изградат заедница меѓу студентите.

- **Интернет технологии**
  Главна цел на предметот е студентите да добијат практично знаење околу основните механизми, услуги и протоколи на глобалната мрежа Интернет. Да владее со XHTML, CSS и JavaScript. Да ја владеат целокупната архитектура на ефикасна, скалабилна и сигурна веб-страница. Студентите ќе стекнат солидни технички знаења околу XML, XHTML, CSS и JavaScript како што се листи, табели, слики, мултимедија и форми во XHTML, форматирање, стилови и лајаути во CSS како и употреба на варијабли, услови, циклуси и функции во JavaScript.

- **Применета веројатност и статистика**
  Целта на овој предмет е да им овозможи на студентите да ги стекнат потребните знаења од предметот веројатност и статистика што имаат директна примена во областа на компјутерските науки. Целта е да совладаат како се прави обработката на статистичките податоци, нивните законитости, нивното преставување, законитостите на донесување соодветни заклучоци врз основа на обработените податоци и др. Исто така, цел е да се научат основните принципи на веројатноста и како тие принципи можат да се применат во различни области од секојдневниот живот посебно во областа на компјутерските науки.

- **Е-трговија**
  Цели на предметот се студентите: - Да ги разберат и аплицираат концептите од електронска трговија, електронски бизнис. - Да ги препознаат бизнис потребите за адаптација на константните и непрекинатите промени во средината, и препознавање на важноста за инкорпорација на информационата технологија во најважните бизнис процеси, подобрување на нивната сегашна операциона ефикасност за да се трансформира во конкурентна предност. - Да развијат стратешко, административно, и опеционално планирање за новите бизниси, или да се подобри постоечкиот со нивите технологии. - Да развијат знаење за основите на Е-Трговија кои се овозможувани од новите Информациони технологии - Да ја препознаат потребата на организацијата да континуирано да адаптираат на промените кои се случуваат во актуелната атмосфера на бизнисот. - Да откријат можности во средината за да може да ги аплицирате во иновациите и бизнисот. - Да анализираат бизнис за да ги препознаат внатрешните и надворешните фактори кои можат да се модифицираат за да може да преминат на електронски бизнис модел. - Да развијат стратешко, административно и операционално планирање за нов, или веќе постоечки бизнис со воспоставување на стратегии кои употребуваат информациона технологија во најважните процеси на бизнисот, со цел да се подобри нивното сегашно оперирање и да се сврти тоа во конкурентна предност. - Да развијат аналитичка и техничка основа за да го разберат непредвидениот свет на е-трговија, со тоа што ќе се дели три домени: o Економикс: бизнис план, електронска банка и пари, маркетинг и реклами, менаџмент на врските со корисниците o Социологија: тајност, заштита на интелектуална сопственост, правни и регулаторни иницијативи o Технологија: Интернет-инфраструктура, безбедност на мрежата, web услуги, мобилна трговија network security, services, mobile commerce

- **Вовед во информациски системи**
  Цели на предметот се студентите: Да ги научат основните концепти и терминологијата на информациските системи: - Основни информациски системи и концепти: Хардвер, софтвер, мрежи; - E-World: е-бизнис и е-трговија; - Развојни процеси; Да научат повеќе за информациски системи и технологии кои ги подобруваат бизнис вредностите и разните бизнис процеси во организациите; Да ги применат е-концептите со различни управувачки дисциплини, при процес на анализа, интерпретација, процена и одлука; Да го разберат процесот на редизајнирање на организации со користење на информациски системи; Да ја опишат улогата на информациските системи во донесувањето одлуки; Да ја испитаат безбедноста на информациите, како и

етичките и социјалните прашања; Да се запознаат со Интернетот, електронската трговија и е-бизнисот; Да се оспособат студентите да работат на проекти, индивидуални или групни, кои по природа можат да бидат: студии на случај, научно – истражувачки проекти, развојни проекти или практична работа;

- **Професионална ИТ-етика**
  Во рамките на овој предмет се дава сеопфатен преглед на моменталните етички прашања при користењето информциони технологии (ИТ). Се оценуваат низа долгогодишни и нови прашања со кои се соочуваат корисниците на ИТ, почнувајќи од слободата на говорот, приватноста, интелектуалната сопственост, хакирањето и дигиталната ера, на етиката во социјално вмрежување и онлајн-заедници. Преку предметот се разгледуваат етички дилеми и етички одговорности на ИТ-професионалци и се промовира критичко размислување и одговорно користење на ИТ.

- **Албански јазик и култура на пишување**
  Предметот Албански јазик со култура на пишување е синтеза на правила и упатства кои се предвидени да ги подобрат вештините на писменото и усното изразување на албански јазик. Подобрувањето на овие вештини, пред сѐ е предвидено да се постигне преку запознавање со правописните правила, некои морфолошки норми и норми на синтаксата на албанскиот јазик, кои се потребни за да се постигне правилната употреба на јазикот. Потоа, посебен акцент се става врз мотивирањето на студентите за течен говор, подигање на свеста за употреба на албанскиот чист стандарден јазик. Посебно внимание ќе се посвети и на поттикнување на студентите да го унапредат процесот на пишување и зголемување на нивното разбирање за разликите помеѓу одредени жанрови. Ќе се разгледа и прашањето на академскиот интегритет (плагијат), како и специфичната терминологија на различни области на специјализација. Сите овие теми ќе бидат понудени како посебни лекции, односно како правила, упатства и вежби, кои се надополнуваат.

- **Германски јазик 1-4**
  По завршување на предметот од студентите се очекува да достигнат соодветни знаења според Европската јазична рамка кои се посебно и конкретно одредени според нивото. Освен тоа, од студентите се очекува да станат поавтономни во изучувањето на јазикот и да преземат одговорност за своето учење. По завршувањето на предметите по германски јазик, студентите ќе бидат во можност да размислуваат критички на различни теми и сами да донесуваат заклучоци врз основа на прочитаните текстови, како и писмено и усно да ги изразуваат своите мислења и ставови.

- **Мултикултурализмот во наставата по англиски**
  Цели на предметот: Комуникациски вештини: Студентите се очекува да ги претставаат своите ставови поврзани со културата, глобализацијата и како сето тоа се одразува во процесот на едукација. Се очекува да се дискутираат теми поврзани со толеранцијата и разбирањето на другиот или другата култура. Исто така, ќе се работи и на подготвување есеи во кои се третираат прашањата на културниот релативизам, стереотипите и предрасудите, како и развивањето на концептите на интеркултурна соработка и мултикултурно образование. Примена на знаењето и разбирањето :Креирање на образовни модели за мултикултурна соработка и нивна апликација во процесот на предавање англиски како странски јазик. Развивање на воспитна стратегија која би била ефикасна во ситуации кога недостигот на толеранција предизвикува тензија меѓу студентите. Способност за процена: Разработка на индивидуално портфолио основано на принципите на мултикултурно образование, и идентификација на случаи на нетолеранција со цел развивање интеркултурна соработка. Знаење и разбирање: Запознавање со основните принципи на културата, културниот релативизам, интеркултурно и мултикултурно образование и адресирање на овие прашања во контекстот на предавање англиски како странски јазик. Вештини за учење: Распознавање со ефикасни модели за промоција на мултикултурализмот во процесот на едукација, каде англискиот јазик би имал клучна улога, како предмет кој е неутрален за сите студенти без разлика на нивната етничка припадност.

- **Меѓукултурни студии**
  По завршувањето на овој предмет студентите ќе можат да ги идентификуваат: глобалните прашања и проблеми од перспектива на различни култури, комуникациската динамика во другите култури, сличностите и разликите меѓу своите вредности и оние на другите култури, како и сличностите и разликите меѓу нивните комуникациски практики и оние од другите култури. Освен тоа, од студентите се очекува да станат посвесни за стереотипите кои ги има во општеството за различните култури и ќе почнат подобро да го разбираат своето место во глобалната заедница. Студентите критички ќе се вклучат во размислувања за својата етничка припадност, полот и родовиот идентитет, класата, верата, националното потекло, возраста и за другите демографски карактеристики како и за нивното влијание врз комуникациските процеси. По завршувањето на предметот Меѓукултурни студии, студентите ќе стекнат и комуникациски вештини за работа во групи преку учество во истражувачки проекти и вештини за презентација на своите истражувачки проекти.

- **Критичко резонирање и размислување**
  По успешното завршување на предметот, студентите ќе имаат способност да го подобрат нивниот начин на размислување преку осознавање на внатрешните структури на процесот на мислење и преку нивно разгледување во рамките на сопствените индивидуални и академски стандарди. Тие ќе развијат стратегии за донесување одлуки, засновани на рефлектирање, причина и логика. Преку овој предмет, студентите ќе научат врз основа на кои тенденции, сличности и претпоставки се базираат нивните рефлексии, како и кои услови и последици произлегуваат од нивниот начин на размислување. Оваа рефлектирачка мисла претставува активно, внимателно и постојано преиспитување на сите индивидуални верувања во смисла на фундаментите кои ги поддржуваат истите, заедно со заклучоците кои произлегуваат од нив. Студентите се очекува да се здобијат со знаења и вештини за донесување на разумни одлуки потребни во секојдневното опкружување, а поврзани со нивните идни професии.

- **Медиумска и информациска писменост**
  Во фокусот на предметот е развојот на комуникациски вештини и техники кои се суштествени за ефикасно функционирање во ерата на глобализацијата. Студентите ќе го разработуваат процесот на глобализацијата, општествените, политичките, економските и културните аспекти на современиот феномен, последиците и влијанијата во комуникациската сфера означена како ера на постмодернизмот, особено влијанијата врз новите социјални медиуми, нивната структура, повеќејазични функции на социјалните мрежи, ефектите и последиците во современата светска комуникациска реалност.

- **Односи со јавност и нови медиуми**
  Во фокусот на предметот е развојот на комуникациски вештини и техники кои се суштествени за ефикасно функционирање во ерата на глобализацијата. Студентите ќе го разработуваат процесот на глобализацијата, општествените, политичките, економските и културните аспекти на современиот феномен, последиците и влијанијата во комуникациската сфера означена како ера на постмодернизмот, особено влијанијата врз новите социјални медиуми, нивната структура, повеќејазични функции на социјалните мрежи, ефектите и последиците во современата светска комуникациска реалност.

- **Медиуми и општество**
  Медиуми и општество претставува вовед на студентите во дисциплина која ги изучува комплексните односи меѓу медиумите и општеството, улогата на масовните медиуми како посредувачка технологија при масовното и глобалното комуницирање. Главна цел на предметот се политичките, економските, социјалните и културните импликации на медиумите врз општеството.

- **Вовед во економија и бизнис**
  Примарната цел на овој предмет е студентите да развијат основно разбирање на главните економски концепти и теории кои се користат во анализа на економските прашања. Преку овој предмет студентите ќе стекнат знаење за основните принципи, концепти и техники во економијата како наука и во економските анализи. По завршување со предметот студентите треба да бидат во можност да „размислуваат како економисти“. Во рамките на овој предмет се истражуваат принципите на микро и макроекономијата, со фокус на примена на знаењето во донесување одлуки во глобална средина. По завршување на предметот, студентите треба за се оспособат: да го користат моделот на понудата и побарувачката и да го утврдат влијанието на промените во побарувачката или понудата врз цената и количината; да го дефинираат БДП и да ги калкулираат мерењето, употребата и ограничувањата на БДП како мерка на економска благосостојба; да ја дефинираат инфлацијата и калкулираат, да се запознаат со последиците и да ги опишат улогите и алатките на централната банка.

- **Принципи на менаџмент**
  Целта на овој предмет е студентите да се запознаат со основите на менаџментот, неговата генеза и дефинирање, како и со основните принципи врз кои треба да се базира работата на секој иден менаџер. Целта на овој предмет е и студентите да стекнат основни познавања од областа на основните функции на менаџментот како планирањето, организирањето, координирањето, мотивирањето и контролата. Совладувањето на предметот на студентите ќе им овозможи: - Да ги научат основите на менаџментот и да се оспособат за нив да даваат конкретни примери. - Да се оспособат да гледаат на совладувањето на овој предмет како на потреба и стекнувањето знаења да бидат во контекст на практичната примена на наученото. - Да размислуваат на ефикасен начин кој ќе им помогне при соочувањето со деловните проблеми во понатамошниот нивен живот.

- **Деловно комуницирање**
  Целта на овој предмет претставува запознавање на студентите со концептот на деловното комуницирање. Содржина на предметната програма: Во последниве години сѐ повеќе компании ги применуваат техниките на

деловно комуницирање и како главна алатка за одговор на сè позаострената конкуренција на глобалниот пазар. Овој предмет претставува обид за подобрување на комуникациските способности на студентите со теоретско, а пред сè, и со практично укажување на правилниот начин на комуницирање во организациска средина со вработените и со менаџерите како и при одржување состаноци, интервјуирање, преговарање како и при мотивирање на сите околу нив.

- **Менаџмент на проект**
  Целта на предметот е воведување на студентите во светот на современите проекти и нивно соочување со можностите и предизвиците на реалниот економски живот во креирање на соодветни потребни реални проекти. Специфични цели на предметот се: како да се утврди одреден проект (користејќи неколку фази) и да се истакне значајната улога на менаџерот на проектот (разбирање на потребата, областа на делувањето, активностите за реализација, комплексноста на модерниот проект и др.). Студентите треба да се обучат како да ги применуваат современите алатки и техники на современиот проектен менаџмент при трансформирање потреба или креативна идеја во соодветен реален и документиран проект кој ќе направи да бидат поинвентивни за себе и покомпетитивни на пазарот на трудот.

- **Бизнис-план**
  Целта на наставата по предметот е да им се помогне на студентите во разбирањето на однесувањето на претпријатието во современи услови на стопанисување.

- **Корпоративна општествена одговорност и етика**
  Целта на предметот е да се развие општо теоретското знаење за корпоративната општествена одговорност во современите економии и да се анализира одразот на корпоративната општествена одговорност врз целокупното работење на претпријатието.

- **Француски јазик 1-2-3**
  Целта на овој предмет е студентите да ги зајакнат јазичните основи на познавање на јазикот и да ги развијат четирите компетенции на комуницирање, особено во следните домени: • да знаат да искажат мислење, • да знаат да искажат чувства, • да знаат да препознаат идеја, • да знаат да даваат и презентираат јасни идеи, • да знаат да аргументираат и да го бранат своето мислење, • да се снаоѓаат во различни ситуации, • да одржат прост и кохерентен говор, • да раскажат еден настан, • да раскажат сон или пак искуство, • да претстават причини за еден проект или идеја, • да комуницираат спонтано.

- **Италијански јазик 1-2-3**
  Целта на предметот е студентите да се запознаат со италијанската култура, италијанската цивилизација и италијанскиот јазик. Идејата е студентите да спознаат една малку поинаква реалност, којашто можеби ќе им помогне во осознавање на самите себе, како и во креирањето на една подобра слика за себе и за иднината. Соодветно на нивото (од А1 до Б2), коешто студентите ќе го изберат, или нивоата што ќе ги проследат во семестрите кои ги имаат на располагање за слободен изборен предмет, материјата прогресивно се продлабочува. Во првиот степен се поаѓа од базични поставки, како: правопис, изговор, вокабулар за управување со едноставни, секојдневни јазични ситуации (лично претставување, претставување на други, ориентирање во просторот и во времето, комуникациски изрази во бар, во ресторан, во супермаркет, на пазар), а се стигнува до посложени изразни конструкции во продолжителните степени, кои се однесуваат на искажување став, желба, потреба, раскажување минати настани, зборување за идни дејства итн. Граматиката се воведува индуктивно (преку осознавање од ситуации (аудио снимки, видеа, филмови, текстови) и донесување заклучоци), при што клучната улога ја имаат самите студенти, со нивното активно учество во предавањата.

- **Академско пишување на англиски јазик**
  Целта на овој предмет е студентите да ги развијат академските вештини за пишување на различни начини. На студентите ќе им се овозможи да ги изложуваат своите идеи на јасен, течен и на ефективен начин за да создадат еден напишан текст. Студентските академски вештини ќе се развијат постепено преку вежбите што помагаат во пишувањето, како: пишување различни видови параграфи и есеи. Исто така, студентите ќе се запознаат со правилата за цитирање и парафразирање и ќе разберат што значи плагијат. Повратната информација на едно напишано дело ќе содржи поправање на грешките од самите студенти, поправање на грешките меѓу самите студенти и поправање на грешките од предавачот во однос на содржината, организацијата и на јазичните грешки.

- **Дигитална и он-лајн писменост**
  Дигитална и онлајн писменост е едно-семестрален предмет со 3 часа неделно, кој се нуди на додипломски

студии. Предметот е направен според потребите на студентите и вклучува бројни вештини на 21. век кои се поврзани со соодветна и ефективна употреба на технологијата. Предметот ќе ги опфати трите категории на вештини на 21. век. По завршување на предметот студентите ќе можат успешно да бараат и пристапуваат до онлајн информации преку користење на различни дигитални алатки, критички да ја оценуваат веродостојноста на онлајн материјалите и да разликуваат помеѓу веродостојни и недоверливи извори, да покажат разбирање на етичките прашања во академски контекст, да разберат како соодветно се користат цитати и референци за да се избегнат плагијати, да научат како ефикасно се комуницира на професионален начин, да ги разберат основите на интернет безбедноста како и позитивните и негативните аспекти на создавањето онлајн идентитет, да го испитуваат сајбер-малтретирањето и да ги идентификуваат можните решенија за намалување на онлајн вознемирувањето.

- **Разговорен англиски јазик**
  Разговорен англиски јазик е семестрален предмет дизајниран за средно и повисоко ниво на англиски јазик, и ќе биде достапен за студентите во сите семестри. Англискиот е меѓународен јазик кој ја олеснува комуникацијата во различни контексти низ целиот свет, почнувајќи од деловни состаноци и трансакции до обични разговори меѓу пријателите и интеракции за време на патувањето. Разговорен англиски јазик ќе ги гради способностите за слушање и зборување на студентите, обезбедувајќи граматика, вокабулар, изговор и практика на течно зборување, потребни за заеднички видови на интеракции во разговорен англиски јазик. Преку овој предмет ќе се покријат теми поврзани со професионален разговор, секојдневен разговор и секојдневни интеракции, обезбедувајќи им на студентите разговорна доверба во различни контексти. Професионалниот разговор ќе вклучува формални и љубезни видови на говор кои се користат во контексти како што се работни средби или дискусии со колегите. Обичниот разговор ќе вклучува практика со јазик што се користи додека се дружи со пријателите или семејството и другите неформални ситуации и ќе вклучува жаргон и неформален говор. Секојдневните интеракции ќе вклучуваат разговори во продавниците, за време на патувањето, или барање и нудење помош. Методите на учење ќе се фокусираат на практиката и ќе вклучуваат активности за слушање, дијалози, играње улоги и симулации, дебати и дискусии.

- **Комуникациски вештини во професионален контекст на англиски**
  Целта на предметот е да се развијат комуникациските вештини кои се од суштинско значење за ефективно функционирање во професионалниот свет на англиски јазик. Целите на предметот се фокусираат на широк спектар на професионални поставки и прашања. Студентите ќе го проучат процесот за анализа на различни ситуации во комуникацијата и соодветно ќе ги разберат и ќе ги применат.

- **Белетристика и забава**
  Преку овој предмет студентите ќе истражуваат низа привлечни и популарни литературни текстови (романи, извадоци, читатели и раскази) за да ги разберат и да уживаат во карактеристиките на различни и популарни жанрови, вклучувајќи научна фантастика, литература за млади возрасни и фантазија. Меѓу целите на предметот, може да се вклучи следново: да се развие самодовербата, флуентноста и интересот на студентите за читање на англиски јазик, да се читаат различни видови романи, да се одговори смислено и критички, вербално и писмено, со извлекување врски помеѓу личното искуство, општо знаење и / или други извори (предавања, читања, филмови) и доделениот текст. Покрај тоа, целите се и: пренесување напредни вештини за читање во учењето на втор јазик и развивање на овие вештини, правејќи ги студентите подобри читатели на двата јазика. Вештините за читање вклучуваат и предвидување, погодување зборови од контекст и читање за детално разбирање.

- **Англиска литература и филм**
  Целите на предметот се: - Да им помогне на студентите да ги развијат своите критички вештини преку анализа на филм. - Да дискутираат, евалуаираат и пишуваат критика. - Да дадат критичка анализа на литературни и информативни текстови - Да дискутираат и анализираат пишани текстови, како и пиар-евалуација на работата на студентите во групата - Да презентираат различни видувања, да ги поддржат своите тврдења, користат сетилен јазик.

- **Македонски јазик за правна и ЕУ-терминологија**
  Целта на предметот е да се оспособат студентите за јазична компетенција и јазична перформанса во професионалната област (односно во областа на правото и ЕУ). Станува збор за концепт насочен кон студентот (learner-centered approach) кој е фокусиран на развој на комуникациските способности во специфични области, односно на продлабочување и на зајакнување на вештините за напредно писмено и усно изразување на стандарден македонски јазик. Предвидениот материјал опфаќа содржини поврзани со професионалните дисциплини, како и автентични документи и материјали. Особено внимание се посветува на совладување на професионалната терминологија и нејзината примена во соодветен јазичен контекст и на

развојот на дигиталните вештини. Од студентите се очекува да станат поавтономни во изучувањето на јазикот и да бидат во можност да размислуваат критички на различни теми, како и да стекнат способност за напредна комуникација и на македонски јазик во една мултијазична и мултикултурна средина.

- **Етика во јавни институции**
  Цели на предметот (компетенции) се студентите: - Да стекнат знаења и да ги разберат семантиката и концептите на етиката, стандардите на однесување, моралното расудување и моралната филозофија. - Да развијат став за позицијата на моралот во професионалниот живот. - Да формираат јасни ставови за правата и одговорностите на вработените во јавната-државната администрација. - Да имаат способност да се соочат со етички проблематичните ситуации. - Да имаат чувство за карактерот кој се бара во професијата на администраторот. - Да се запознаат со литературата за етиката во сферата на јавните институции. - Да бидат подготвени да употребуваат комуникативни алатки и да ги почитуваат етичките стандарди во работата со државните институции и јавните актери.

- **Малолетничка деликвенција**
  Криминалитетот како негативна и опасна појава за општеството се манифестира во разни форми преку целата човечка историска развиеност. Малолетниците во казненото право секогаш биле третирани поразлично од возрасните лица, а нивната законска позиција секогаш има еволуирано во нивна корист. Малолетниците деликвенти се тесно поврзани и со другите социопатолошки појави, како: наркоманија, алкохолизам и проституција, појави кои денес се шират речиси во секоја земја на светот и се присутни во Македонија. Затоа, основната цел за третирање за оваа програма е: да се откријат и да се евидентираат новите форми на оваа криминална појава, да се објаснат причините на нивното присуство и да се предложат мерки за превенција и нивно казнување. Студентите преку овој предмет ќе стекнат знаење за малолетничката деликвенција и нејзините форми на манифестирање, а ќе се обработи и Законот за правата на малолетниците од Република Северна Македонија.

- **Меѓународно кривично право**
  Овој предмет ќе ги анализира тековните состојби во меѓународното кривично право. Цели на предметот се: да ги унапредува познавањата на студентите во врска со меѓународното кривично право преку критички осврт кон работењето на институциите кои го спроведуваат ова право, како и да овозможува развивање на вештини на студентите за спроведување на нормите на меѓународното кривично право.

- **Полициско право**
  Имајќи предвид дека дипломиранмите кандидати се потенцијални кандидати за вработување во органите кои се борат против криминалот, пред сè во Министерството за внатрешни работи, повеќе од потребно е тие да стекнат знаења во однос на нивните овластувања и одговорност при секојдневната работа. Овие податоци се содржани во Законот за кривична постапка и Законот за полиција. Имајќи го предвид наведеното, целта на овој предмет е токму запознавањето на студентите со законската регулатива од оваа област да бидат во состојба правилно и согласно законската регулатива да ги применуваат своите обврски во нивниот делокруг на работа како идни припадници на институциите на системот кои се борат против криминалот.

- **Организиран криминал**
  Организираниот криминал, како нов научен предмет има за цел проучување на формите, причините и на мерките за спречување на борбата против организираниот криминал. Целта на оваа програма е студентите да стекнат знаења за теориите за организираниот криминал, криминалните организации и облиците на манифестација на овој феномен. Покрај проучувањето на факторите кои овозможуваат појавување на организираниот криминал, истражувачите на оваа тема треба да ги изучуваат и мерките за борба и за спречување на организираниот криминал.

- **Локална самоуправа**
  Цели на предметот: - Стекнување сознанија за поимите, појавите и за институтите на локалната самоуправа во РСМ, во регионов како и во државите членки на ЕУ и во светот. - Стекнување конкретни сознанија за локалната самоуправа како наука и правна гранка, вклучувајќи ја тука и споредбената анализа на состојбата и перспективите во регионални и во европски рамки. - Преку овој модул студентите ќе се оспособат за основните теоретски и практични сознанија за организацијата, делокругот, надлежностите, изворите за финансирање на локалната самоуправа како и за односот со централните институции на власта. - Поттикнување на критичкото мислење кај студентите за основните проблеми на локалната самоуправа во РСМ и во рамките на ЕУ, при што ќе се води сметка за Европската повелба за локална самоуправа. - Во рамките на предметот ќе се обработува материјата од споредбен и од национален аспект, од причина што во услови на глобализацијата, локалната самоуправа не може да се разбере, ако се разгледува исклучиво во национални рамки. - Во план-програмата

се вклучени: Уставот на РСМ, Законот за локална самоуправа, Законот за територијална организација, како и статутите и одлуките на општините. - На крајот на предметот, студентите ќе бидат во можност да ги направат основните и супстанцијалните разлики помеѓу институциите на локалната самоуправа, нивната меѓусебна поврзаност и нивното практично функционирање и да ги направат потребните теоретски и практични разлики на поимите, појавите и институтите на локалната самоуправа. - Да ги објаснуваат и да ги анализираат разните процеси и трендови на локалната самоуправа во РСМ, регионов, во ЕУ и во светот.

- **Новите репродуктивни технологии и правото**
  Целта на овој предмет е студентите да стекнат напредни знаења за влијанието на напредокот во генетиката и на технологиите за вештачка репродукција врз семејното право, човековите права и правата на детето, вклучувајќи ги и ефектите од меѓународните договори за националното законодавство. Студентите ќе стекнат знаења за теоретските, етичките и за правните дискусии поврзани со прашањата од областа на биотехнологијата, биомедицината и нивното влијание врз создавање на родителските односи, како и балансот меѓу почитувањето на човековите права и основните слободи и потребата да се обезбеди слобода на истражување во оваа поле, како што е на пример: криопрезервација на гаметите или ембрионите, статус на човечки ембрион, правото на детето да го дознае своето генетско потекло, итн. Со изучување на овој предмет, студентите ќе стекнат знаењата за новите методи на вештачка репродуктивна технологија кои се дел од современата натална политика. Подетално студентите ќе се запознаат со сите вештачки репродуктивни технологии, како што се: вештачка инсеминација; ин витро оплодувањето, сурогат мајчинство; раѓањето на деца од сама жена со донација на генетски материјал; постхумна репродукција;376 кородителски аранжмани; „техника на раѓање на дете од тројца“.

- **Политичките партии и изборните системи**
  Целта на предметот е студентите да стекнат знаења за политичките партии и за изборните модели како и за нивното функционирање во реалниот политички живот во Република Северна Македонија и во ЕУ. Посебен осврт ќе има на изборниот систем на РСМ, состојбите и перспективите, односно создавањето на потребниот модел кој одговара на приликите на РСМ.

- **Конституционализмот и човековите права**
  Целта на овој предмет е елаборирање на теоретските и практичните аспекти на човековите права. Предметот е дизајниран за да се анализираат идеите за човековите права, теориите за човековите права, класификацијата на човековите права и правната рамка за секое конкретно човеково право во Република Северна Македонија. Посебен акцент се посветува на: правото на живот, правото на слобода, интегритетот на човековата личност, правото на одбрана, правото на правично судење, правото на правна сигурност, правото на приватност, правото на жалба, слобода на мислата и убедување, слобода на вероисповеста, слобода на здружување, слобода на јавен собир, право на глас, право на сопственост, слобода на работа и право на работа, право на образование итн. Ќе се обезбеди и академската анализа на механизмите за заштита на човековите права пред Уставниот суд, редовните судови во РСМ како и пред Европскиот суд за човековите права во Стразбур. Целта на овој предмет е да им овозможи на студентите да стекнат продлабочени знаења од областа на човековите права и да го применуваат ова знаење во практиката, како и да развијат свои аналитички и критички вештини, а истовремено да ги образложат теоретските аспекти на човековите права и нивната примена во практиката, а посебно: - Да го разберат концептот на човековите права. - Да ја разберат класификацијата на човековите права: граѓанските слободи и права, политички слободи и права како и културните, економските и социјалните права. - Да стекнат знаења за содржината на специфичните човекови права. - Да го примени стекнатото знаење на конкретни ситуации на уживање или кршење на човековите права. - Да можат да направат критичка анализа на состојбите со човековите права во Република Северна Македонија, и споредбено во ЕУ, Европскиот совет како и со другите држави.

- **Современи правни системи**
  Со изучувањето на предметот Современи правни системи во светот студентите ќе имаат можност: - Да ги разберат сличностите и разликите меѓу правните традиции во светот, особено оние на континентална Европа и англо-саксонската традиција (Common law). - Да ги идентификуваат изворите на правото (закони, судската практика, правната наука) на одредени правни системи во светот. - Да ги споредуваат различните решенија во рамките на најважните правни системи во светот. - Да ги применуваат компаративните методи кои овозможуваат идентификација на основните карактеристики на главните правни системи.

- **Меѓународно право за заштита на животната средина**
  Цел на предметот е да им се овозможи на студентите да ги стекнат најзначајните сознанија за правото на животната средина, почнувајќи од меѓународното, па сè до националното право. Притоа, ќе стекнат знаења за меѓународната рамка на правната регулатива за животната средина и за стандардите кои треба да се

почитуваат во оваа област. Ќе се проучуваат: правото на животната средина како академска дисциплина, перспективите, концептуалните теоретски и практични проблеми при имплементација на правото на животната средина. Ќе стекнат и понапредни знаења за правото на животната средина за да ги продлабочат своите знаења во оваа област.

- **Алтернативно решавање спорови**
Прашањето за мирно решавање на спорови е старо како и споровите кои постојат со векови меѓу двете земји. Првите обиди за универзално решавање на овие прашања се направени на крајот на минатиот век - првата Конвенција за мирно решавање спорови - Хашката конвенција за мирно решавање на спорови. Генералното собрание на Лигата на нации усвои општ акт од 1929 година за мирно решавање на меѓународните спорови, што Генералното собрание на ОН во 1949 година го потврди. Регионалните организации на речиси секој континент ги утврдуваат и ги развиваат своите системи за мирно решавање спорови. Сепак, сè уште многу спорови остануваат нерешени, а во последниве неколку години сме сведоци на најрадикалните обиди за решавање на споровите со употреба на сила - најчесто надвор од Обединетите нации и од одредбите на Повелбата на Организацијата што се состои од мирно решавање спорови. Првата конвенција за мирно решавање спорови беше усвоена на Мировната конференција во Хаг во 1899 година, иако ниту првата ниту втората Хашка конференција во 1907 година не успеаја да ги постават како задолжителни правилата за мирно решавање спорови. Некои автори на меѓународните спорови ги делат на правни и политички. Поаѓајќи од овие позиции, правни спорови се оние спорови кои произлегуваат од постапката на законодавната, судската и извршната власт на државата, нејзините вооружени сили или поединци кои живеат на нејзината територија, додека политичките спорови оние кои се резултат на спротивставените политички интереси. Се разбира, тоа е за сите во теоријата, а во практиката многу тешко се разликуваат овие случаи, или се означени како правни или политички. Секој политички спор има правна страна, како што секој правен случај има политичка суштина.

- **Филозофија на право**
Со изучувањето на предметот Филозофија на правото студентите: - Ќе стекнат солидно знаење за односот на правна филозофија со другите правни дисциплини и со општествените науки. - Ќе добијат неопходни знаења за критичка анализа на пристапите кон правото и за идентификување на филозофските проблеми кои произлегуваат од анализата на правните прописи. - Ќе бидат во можност да ги опишуваат видовите концепти поврзани со проблеми како важење на законот, онтолошки статус на правото, односот меѓу правото и другите нормативни системи (моралот, религијата итн.) во нивниот историски развој.

- **Дипломатско и конзуларно право**
Целта на предметот е запознавање со основните институти на меѓународното дипломатско и конзуларно право преку покривање на сите аспекти на воспоставувањето, одржувањето и на завршувањето (прекинувањето/престанувањето) на дипломатските и конзуларните односи на билатерално и на мултилатерално ниво, во постојан (седентарен) и во привремен (ад хок) облик, односно воспоставувањето, функционирањето и завршувањето на дипломатските, специјалните и конзуларните мисии (билатерални), т.е. мисиите на меѓународните организации и постојаните мисии кај меѓународните организации (мултилатерални).

- **Меѓународни организации**
Со изучување на предметот „Меѓународни организации“ студентот ќе се запознае со универзалните меѓународните организации, регионалните, пред сè европски, меѓународни организации, нивната поставеност, функција и начин на работа.

- **Виктимологија**
Целта на овој предмет е да се анализира положбата на жртвата на кривичното дело од разни аспекти. Ќе се проучува виктимолошката феноменологија и етиологија, формата, обемот, структурата и динамиката на виктимизацијата, како и разните фактори кои влијаат на виктимизацијата.

- **Економски криминалитет**
Целта на предметот е студентите да се запознаат со економскиот криминалитет од криминолошки и криминолошки аспект. Стекнувањето на ова знаење ќе им послужи на студентите да имаат солиден преглед на овој вид криминалитет, неговото влијание врз економско-политичката стабилност, благосостојбата на општеството, факторите кои влијаат на овој вид криминал, формите на настанување, начинот на неговото извршување, карактеристиките на сторителите, методите за спречување и борбата против овој вид криминал и сл. Со стекнувањето на ова знаење, студентите кои по дипломирањето се потенцијални кандидати за вработување во институции кои директно или индиректно се борат со овој вид криминал многу полесно ќе се соочат и ќе се справат со него при извршување на секојдневните работни обврски во доменот на економско – финансискиот криминалитет.

- **Електронско трговско и банкарско право**
  Студентите ќе стекнат продлабочени знаења за електронското трговско и банкарско право во РСМ, ЕУ и во светски размери. Посебно за електронската трговија и нејзините карактеристики и безбедност како и електронските плаќања и заштитата на доменот, со посебен осврт и на интернет-договорите и начинот на нивно склучување. Посебен акцент ќе биде ставен на правната заштита на потрошувачите при електронската трговија и електронското банкарство, со посебен осврт на правната практика во ЕУ, во светот како и во домашното право.

- **Семејно право и електронска биомедицина**
  Целта на оваа предмет е студентите да стекнат напредни знаења за влијанието на напредокот во генетиката и на технологиите за асистирана репродукција врз семејното право, човековите права и правата на детето, вклучувајќи ги и ефектите од меѓународните договори за националното законодавство. Студентите ќе стекнат знаења за теоретските, етичките и за правните дискусии поврзани со прашањата од областа на биотехнологијата, биомедицината и семејното право како и балансот меѓу почитувањето на човековите права и основните слободи и потребата да се обезбеди слобода на истражување. Сепак, биотехнологијата не влијае само врз изолираните поединци и нивните права, туку и врз неродените деца, семејството како мрежа на животни односи и основната структура на секое општество, како и основата на родителството и сродството, општествената организација во целина и конечно, врз човештвото. Посебен акцент ќе биде ставен на начините на обезбедување баланс меѓу правата и слободите на родените, но и раѓањето на човечки суштества и потрагата по нови технологии.

- **Кибернетска безбедност**
  Целта на овој предмет е студентите да бидат во можност да ги спроведат политиките и безбедносните процедури за поддршка на организациските цели. Во рамките на предметот ќе се дискутираат методологиите за идентификување, квантифицирање, ублажување и контрола на ризиците по безбедноста. Студентите учат да пишуваат планови за управување со ризик за безбедноста во согласност со најдобрите безбедносни стандарди и упатства, и најдобрите практики и техники за закрепнување (враќање) на ИТ- инфраструктура, системи, мрежи, податоци, и кориснички пристап.

- **Електронско катастарско право**
  Целта на предметот е студентите да стекнат продлабочени знаења за електронското катастарско право. Преку овој предмет студентите ќе се запознаваат со конститутивното дејство на уписот на правата на недвижностите, со посебен осврт на: - правото на сопственост на недвижностите како уставно загарантирано основно економско право на граѓаните; - стварните права поврзани со недвижностите како права од првостепено значење, како за носителот на тие права, така и за поширокаta општествена заедница; - запишувањето на овие права во јавната книга за запишување на правата на недвижностите; - катастарот на недвижности кој претставува јавна книга во која се извршува запишување на правото на сопственост и на другите стварни права на недвижностите, на податоците за недвижностите, како и на други права и факти чие запишување е утврдено со закон; - имотниот лист како јавна исправа со која се докажува запишаното право на сопственост и други стварни права на недвижностите во согласност со законот - мултидисциплинарните знаења (геодетски работи, електронски услуги) кои ќе им овозможат на студентите суштествено да ги решаваат прашањата од оваа област на запишување на правата на недвижностите; - изготвување на профил на домен (модел) за регистарот на недвижен имот кој ќе обезбеди операбилност на системот; - запознавање со компаративното право од оваа област на земјите од соседството, на земјите членки на Европската унија како и на англосаксонското право.

- **Компјутерско кривично право**
  Преку овој предмет студентите ќе ги продлабочат знаењата за компјутерското кривично право. Информатичката и комуникациската револуција во светот на глобалната компјутерска мрежа Интернет со себе донесоа и нови форми на социјално неприфатливо однесување кои треба соодветно да се криминализираат. Глобалните компјутерски мрежи создадоа можности за нови форми на криминалитет сторен преку компјутерите. Посебно студентите ќе стекнат знаења за компјутерите и мрежите како и за начинот на кој функционираат основните концепти на Интернет, улогата на давателите на интернет-услуги и начинот на кој се користат информатичките и комуникациските технологии за извршување кривични дела како и меѓународните стандарди и домашното право и судската практика во областа на компјутерското кривично право.

- **Информатика**
  Целта на предметот е студентите да ги развијат потребните вештини во информатичко-комуникациските

технологии, инфраструктурата и придружните услуги. До завршување на предметот, студентите ќе се стекнат со вештини за критичка евалуација на информациите на интернет, комуникација и соработка преку дигитални платформи, креирање и уредување на дигитална содржина, практикување мерки за безбедност и безбедност на интернет и решавање на основни технички проблеми. Преку практични вежби и апликации од реалниот свет, студентите ќе бидат подготвени самоуверено да се вклучат со дигитални алатки и да се прилагодат на технолошките пејзажи што се развиваат.

- **Административна постапка за регистрација на интернет домени и правна заштита**
  Преку овој предмет студентите ќе стекнат сеопфатни знаења за правото и практиката во врска со имињата на домените на Интернет на меѓународно, европско и на домашно ниво, во комбинација со детално споредбено истражување на најважните јурисдикции за доменски имиња. Предметот опфаќа развивање на судското право во оваа област, административните процедури за регистрација на име на домен на Интернет како и процедурите за алтернативно решавање спорови, на национално, регионално и на меѓународно ниво, анализа на процесите за решавање спорови на секое од тие нивоа и стратешки насоки за управување со имиња на домени како дел од целокупната стратегија за бренд.

- **Електронски договори, електронско осигурување и електронски потпис**
  Студентите ќе стекнат продлабочени знаења за правната положба на електронското склучување договори и електронскиот потпис како и за развојот на третманот и прифаќањето на електронските договори преку промените во законодавството и јуриспруденцијата, особено во рамките на супранационалното законодавство на ЕУ, како компромис меѓу решенијата што постојат во земјите членки, со прогресивно обединување на правните правила кон нов заеднички правен модел на рамка за електронско договарање и електронски потпис.

- **Граѓанско процесно право (Парнично право)**
  Цели на предметот: • Студентите ќе добијат знаења за поимите, појавите и институтите на граѓанското процесно право како основа за остварување на секое субјективно граѓанско право; • Студентите ќе се стекнат со конкретни знаења за правото на парничната постапка како наука и како гранка на правото, вклучувајќи ги и компаративната анализа, перспективите и главните трендови на развојот на различните институти на правото на парнична постапка; • Преку овој модул студентите треба да се оспособат за теоретските и конкретните знаења за развојот на парничната постапка, на различни нивоа во Република Северна Македонија, како и особено за можноста за развој на парничната, вонпарничната и на извршната постапка; • Студентите ќе развијат аналитичко и критичко размислување во однос на проблемите поврзани со остварувањето на субјективните граѓански права со кои денес се соочуваат многу луѓе во Република Северна Македонија; На крајот на предметот, студентите ќе бидат во можност:  Да ги направат основните дистинкции на главните институти за граѓанско-процесно право;  Да направат соодветни теоретски и практични дистинкции на основните поими на парничната постапка, вклучувајќи ги парничните, вонпарничните и извршните постапки;  Да ги објаснат и анализираат процесните дејствија на странките и судот, вклучително и други процесни институти како што се судско помирување, прелиминарни прашања, правна помош итн.